Димитар ДИМЕСКИ

# СОЗДАВАЊЕТО НА МАКЕДОНСКАТА РЕВОЛУЦИОНЕРНА ОРГАНИЗАЦИЈА И НЕЈЗИНАТА ОРГАНИЗАЦИОНА ПОСТАВЕНОСТ (1893—1895)

Формирањето на Македонската револуционерна организација (М Р О) отвора ново поглавје во поновата македонска историја.

Во последната деценија од минатиот век, во констелација на блоковска поделеност на европските империјалистички сили, полуколонијалниот статус на Османската империја и разгранета црковно-просветна дејност во Македонија од соседните балкански големодржавни претенденти на македонското поднебје — датира појавата на Македонската револуционерна организација. Притоа МРО се експонира во улога на авангардна сила и факелоносец на македонското националноослободително движење, кое со неа зачекорува во нова, повисока фаза од својот развиток. Нејзината појава дошла токму навреме да го спречи распарчувањето на живото тело на македонскиот народ од настрвените балкански големодржавни елементи. Едновремено, оваа појава „го означува почетокот на новата, поразвиена фаза во процесот на националното конституирање на македонскиот народ. Преку ова движење македонскиот народ стапил на балканската политичка сцена како активен национално-политички субјект. . ."[1]

Воедно, македонското националноослободително движење широко го раскрилило процесот на создавање на македонската национална држава. Покрај тоа, македонското националноослободително движење со својот буржоаско-демократски карактер носело белези и на општествено-економска револуција, како рушител на феудалните продукциони стеги на назадната османска држава.

Всушност, организираното македонско националноослободително движење од последната деценија на XIX век се должи

---

[1]) Манол Пандевски, Националното прашање во македонското ослободително движење (1893—1903), Култура, Скопје, 1974, 293

на постигнатиот степен на општествено-политички развиток на македонскиот народ, а во тој ред и на мошне напреднатиот национално-конститутивен процес. Неспорно, во него биле вплетени искуствата од вековниот отпор и непокор на македонскиот народ, првенствено искуствата од претходните ослободителни борби во XIX век, вклучувајќи ги и стекнатите искуства од антифанариотските и антиегзархиски борби. Несомнено, неговата појава била ажурирана од крајно влошената општествено-економска положба на македонскиот народ по Берлинскиот конгрес, како и од распламтената денационализаторска дејност на соседните балкански црковно-просветни пропаганди.

Spiritus movens за формирање на МРО била младата македонска просветна интелигенција. Главен иницијатор за создавање на МРО бил Даме Груев.[2]

„Пресвртен момент во историјата на македонската револуционерна самодејност претставува почетокот на деветтата[2a] деценија на XIX в; кога кај побудните Македонци созреала мислата за обединување на сите изолирани групи во една единствена револуционерна организација на националноослободителното движење".[3]

Таквата мисла станала основна преокупација на редица македонски интелектуалци, меѓу кои со своите обиди на тој план посебно се истакнале: Пере Тошев, Иван Хаџи Николов и Даме Груев.[4]

Даме Груев ѝ припаѓа на групата македонски интелектуалци, која бргу созреала, благодарение, пред сѐ, на мачната образовно-воспитна одисеја на релацијата Солун—Белград—Софија, искусувајќи го притоа на најдобар можен начин грубиот денационализаторски однос на бугарската и српската пропаганда. Оттаму, во 1891 година кај Д. Груев за првпат созреала идејата за формирање револуционерна организација во Македонија. Даме Груев сметал дека преку истакнувањето на нејзината ослободителна компонента најлесно ќе може да се застане на патот на странските пропаганди, а посебно на српската „пред да успее српската пропаганда да се засили и да го раздроби народот".[5]

---

2) Cf. Димитар Димески, Македонското националноослободително движење во Битолскиот вилает (1893—1903), II изд., Скопје, 1982, 137—138.

2a) Очигледно, се однесува на последната деценија од XIX в.

3) Христо Андонов Полјански, Македонското националноослободително движење по Илинденското востание, зборник: Југословенски народи пред Први светски рат, САНУ, Београд, 1967, књ. 8. 61,

4) Cf. Д. Димески, op. cit., 132—133

5) Спомени на Дамянъ Груевъ, Борисъ Сарафовъ и Иванъ Гарвановъ, МНИ, София, 1927, кн. V, 8

Студентската „Македонска дружба“ претставува прв посериозен чекор на Д. Груев во тој правец.[6] Размислите и намерите на овој македонски студентски кружок биле прекинати по убиството на министерот Белчев и апсењето на Д. Груев во София.[7] Подоцна, оваа „Дружба“, навистина без Д. Груев, ќе стане јатка на лозарите.[8]

Во летото 1891 година Д. Груев направил нов обид за револуционерно организирање во Битола, формирајќи „Учителски сојуз“[9] со „чисто револуционерна цел“.[10] Меѓутоа, и овој обид на Д. Груев пропаднал благодарение на егзархиското орудие, архимандритот Козма Пречистански, тогашен претседател на егзархиската црковно-школска општина во Битола.[11]

Секако, крутата егзархиска централистичка и денационализаторска црковно-просветна политика во Македонија претставувала силна кохезиона причина која во почетокот на последната деценија од минатиот век ги збила редовите на македонската младина, граѓанските, првенствено еснафски средини и интелигенцијата, овозможувајќи дотогашните појави на антиегзархиски отпор да прераснат во широко антиегзархиско движење вперено против егзархиското диригирање со македонските црковно-школски општини и нејзината големобугарска поставеност.[12] Тогаш императивно искрснало прашањето: „До кога ќе бидеме храненици! Нема ли еден ден пак да стапнеме на сопствените нозе? Или уште ќеползиме!“[13]

Од друга страна, доаѓањето на Стамболовиот експонент Лазаров на чело на Училишниот оддел на Егзархијата во 1892 година и неговата бескрупулозна офанзивност во спроведувањето на денационализаторската политика во Македонија уште повеќе придонеле за растот на и без тоа наелектризираното антиегзархиско расположение кај прогресивните македонски кругови.[13a] Егзархискиот гнев најдобро го искусила прогресивната македонска просветна интелигенција, која била материјално зависна од егзархиските донатори што дошле со пари „да создаваат Бугари во Македонија“.[14] Притоа, познатиот македонофоб

---

6) Cf. Клисуров, Създаване, развитие и дейност на Македонската революционна организация, сп. Македонско дело, г. 7/бр. 154, 25 февруари 1932, 8.

7) Љубен Лапе, Спомени на Даме Груев, сп. Историја, VII/2, Скопје, 1971, 196.

8) Cf. Блаже Ристовски, Македонската нација, Мисла, Скопје, 1983, I, 485, 545.

9) Cf. Д. Димески, op. cit., 135, ф. 122

10) Спомени на Дамянъ Груевъ. . . , 9

11) Види: Д. Димески, op. cit., 135, ф. 123

12) Cf. Д. Димески, op. cit., 130

13) Вардарски, Стамболовщината въ Македония и нейнитѣ прѣдставители, Виена, 1894, 60.

13a) Вардарски, op. cit., 7—62

14) Cf. Вардарски, op. cit., 26, 34, 25.

Васил К'нчов отворено изјавувал дека дошол „да ја бугаризира Македонија".[15]

Критикувајќи ја ваквата кусогледа егзархиска политика во Македонија, Вардарски (П. Поп Арсов) подоцна, во 1894 година, ќе истакне: „Егзархијата дава пари и купува ветер, зошто народност со пари не се купува".[16]

Пенетрацијата на бугарскиот наставен кадар во егзархиските училишта во Македонија при наличноста на постојната хиперпродукција на домашен македонски наставен кадар[17], дискриминирањето, шиканирањето и исклучувањето на македонскиот прогресивен „сепаратистички" наставен елемент (пр. Д. Џонев, Ив. Хаџи Николов, Г. Баласчев и др.)[18], употребата на бугарскиот јазик во егзархиските училишта и впрегнувањето на црковно-школските општини во егзархискиот колосек, биле основни мотиви за растечкиот револт кај разбудените македонски граѓански средини, чија острица била вперена против ваквите егзархиски денационализаторски големобугарски посегања врз самостојниот пат на македонскиот општествен развиток. Во врска со тоа, П. Поп Арсов ќе истакне: „Ни даваат пари за да не убијат... По ѓаволот тие пари, ако нашите општини, убивајќи ги, уште и не ги веруваат, а им натрапуваат семожни претседатели, владици, директори, учители и сл. за да ги контролирале(?!) сумите — единствениот мотив на бугарската пропаганда"... Да, бугарска пропаганда".[19])

Антиегзархиското движење во Македонија придонело за засилено револуционизирање на македонските граѓански средини. Оттаму, за него, Ѓ. Петров, со право ќе истакне дека го толкува „просто како реакција против долгогодишниот стремеж на Егзархијата да го сосредоточи во свои раце дирижирањето на општествениот живот, а освен тоа, го сметам за прв чекор кон самодејност во земјата... Тоа неосетно се пероди во револуционерно движење".[20]

И така, додека поранешните обиди за револуционерно организирање завршувале на маргините на револуционерните намери, напорите во определен момент на потполно созреани услови, во 1893 година биле крунисани со создавањето на МРО. Притоа, главната заслуга за нејзиното формирање му припаѓа на Даме Груев.

---

15) Основаването на ВМРО (Изъ запискитѣ на Иван Хаджи Николов), съобщава Христо Шалдевъ, Илюстрация Илинденъ, VIII/1 (71), София, януарии 1936, 4

16) Вардарски, op. cit., 56

17) Cf. Д. Димески, op. cit., 131, ф. 103

18) Вардарски, op. cit., 15

19) Ibidem, 48—49.

20) Ѓорче Петров, Спомени—кореспонденција, редактор Љ. Лапе, Скопје, 1984, 48.

Пресудна улога одиграло Груевото враќање во Солун во летото 1893 година, кога се вработил како коректор во печатницата на книжарот Коне Самарџиев, виден претставник на македонската конзервативна преогзархиски обоена буржоазија.[21]) Всушност, Д. Груев дошол на местото на Никола Наумов[22]).

Познато е дека кај Иван Хаџи Николов, опфатен со ослободителна идеја уште од младешките години[23]), околу 1892 година се зацврстила мислата дека „само една тајна револуционерна организација ќе може да го пресече патот на туѓите пропаганди во Македонија"[24]), бидејќи претендирале да постанат „Србија — Пиемонт балкански, Бугарија — балканска Прусија".[25]) За таа цел, во 1892 година ги сондирал во Солун прогресивните македонски интелектуалци: Петар Поп Арсов, Христо Татарчев, Димитар Џонев и Христо Батанџиев. Меѓутоа, помислата дека се малкумина ги одвратила од преземање практични чекори во тој правец. Во потрага по авторитетна личност, Ив. Хаџи Николов, во јули 1892 година се сретнал во Србија, со посредство на Коста Шахов, со Гоце Делчев. Притоа, Делчев начелно прифатил, но тоа го условил со завршувањето на Военото училиште, поради што и овој обид на Ив. Хаџи Николов пропаднал[26]).

Меѓутоа, Даме Груев не мислел така. Тој сметал дека се созреани условите за формирање револуционерна организација. Неговата оптимистичка прогноза била базирана на вонредно тешката општествено-економска положба на македонскиот народ, на засилената денационализаторска дејност на пропагандите, првенствено на разгорената антиегзархиска борба, а посебно на наелектризираната атмосфера создадена со доаѓањето на Н. Лазаров за началник на Училишниот оддел на Бугарската егзархија (1892), со вратените лозари во Солун (1892 г.), со егзархиското преместување, односно отпуштање од работа на неколкумина прогресивни македонски просветни работници од Солунската егзархиска машка гимназија, со назначувањето на бившиот бугарски министер Михаил Сарафов за директор на Солунската егзархиска машка гимназија (учебна 1893/4 г.), како и со назначувањето на прононсираниот бугарски македонофоб Васил К'нчов за главен инспектор на егзархиските училишта во

---

[21]) Даме Груев, Истражувања и материјали, ДНУ, Битола, 1981, 17. Cf. Манол Пандевски, Илинденското востание во Македонија, Скопје, 1978, 11

[22]) Д-р Христо Татарчев, Спомени, — Борбите в Македония и Одринско (1878—1912), Спомени, София, 1981, 79

[23]) Cf. Д. Димески, op. cit., 133, ф. 111

[24]) Основаването на ВМРО (Изъ запискитѣ на Ив Николовъ)..., 5

[25]) Вардарски, op. cit., 13

[26]) Види: Д. Димески, op. cit., 133—134

Европска Турција (1893 г.).[27]) Оттаму Груев просто го почувствувал пулсот на времето, па затоа неговата упорност не била залудна.

Груев најпрво се вклучил во кругот на прогресивната македонска просветна интелигенција во Солун. Се поврзал со својот стар пријател и истомисленик П. Поп Арсов од кого веројатно дознал за нереализираните намери на Ив. Хаџи Николов. Се зближил и со Андон Димитров, тогашен учител по турски јазик во Солунската егзархиска гимназија „Кирил и Методиј".[28]) Во август 1893 година, Д. Груев за првпат се сретнал со Христо Татарчев, тогашен егзархиски школски лекар во Солун. Под претекст за лечење на сосем банален егзем, Груев имал уште две средби со Татарчев. Несомнено, личноста на Татарчев му импонирала.[29]) Оттаму произлегла и евидентната сондажа на Татарчев за покренување на идната револуционерна дејност.

На 21. X/2 ноември н. ст. 1893 година, шетајќи по солунското крајбрежје се сретнале Д. Груев и Ан. Димитров со Иван Хаџи Николов. Тогаш конечно се договориле за заедничката средба.[30])

Основачкиот состанок бил одржан во сабота навечер[31]) на 23. X/4 ноември н. стил 1893 година[32]) во станот на Христо Батанџиев во Солун.[33]) Тогаш шестмината основоположници на МРО: Христо Татарчев, Иван Хаџи Николов, Петар Поп Арсов,

---

27) Васил Кънчов, Избрани произведения в два тома, София, 1970, т. I, 13

28) Даме Груев,, Битола, 1981, 17; Андон Димитров, Спомени, — Борбите в Македония и Одринско, Спомени, София, 1981, 100—101.

29) Татарчев студирал медицина во Цирих и Берлин, каде во 1892 година дипломирал. Положил тежок колоквијален испит во Истамбул со што обезбедил нострификација на дипломата. Со посредство на султановиот личен лекар бил удостоен со поканата и присуството на селамлакот кај Абдул Хамид II. (Въ Македония и Одринско. Спомени на Михаилъ Герджиковъ, II. Първиятъ ЦК на ВМРО. Спомени на Христо Татарчевъ, МНИ, София, 1928, 94). Секако ова не му било непознато на Груева. Со својата тогаш ретка, необично ценета професија, со своето високо котирање во високите османски кругови, а посебно со својата евидентна револуционерна насоченост Татарчев го импресионирал Груева.

30) Из записките на Иван Хаджиниколов, — Борбите в Македония и Одринско (1878—1912) Спомени, редактор К. Пандев, София, 1981, 94—95.

31) Иван Хаџи Николов основоположничката средба ја датира на 23 октомври (ст. стил) „во петокот вечерта". Меѓутоа, не станува збор за петок, туку за сабота, Види: в. Новини, IV/10, Цариградъ, петъкъ, 22 октоврий (ст. стил) 1893,

32) Cf. Д. Димески, op. cit., 139, ф. 5; Андон Димитров, Спомени.., 1981, 102

33 Cf. Д. Димески, op. cit., 139, ф. 4 Според К. Пандев, тогашниот стан на Христо Батанџиев всушност бил „бивши стан на Иван Хаџи Николов". Види: Борбите в Македония и Одринско (1878—1912), Спомени, София, 1981, 804 (Ив. Хаджиниколов, ф. 3)

Христо Батанџиев, Андон Димитров и Даме Груев размениле мисли околу физиономијата и целите на Револуционерната организација. Дискусијата се движела во широки релации: од борбата за реализирање на чл. 23 од Берлинскиот договор[34] па до веќе искристализираното гледиште на Ив. Хаџи Николов:

„1. Организацијата треба да е тајна и револуционерна;

2. Нејзината територија ја составува само Македонија во нејзините географски и етнографски граници, поради што ќе се наречува и внатрешна;

3. Во неа ќе членуваат родени и лица што живеат во Македонија без разлика на вера и народност;

4. Политичката девиза на организираните Македонци е: автономија на Македонија; и

5. Да се чува самостојноста на Организацијата за да не падне под влијание на политиката на владите на соседните слободни држави".[35])

Тогаш, според Татарчев, групата се конституирала како друштво без писмен протокол и без да изберат раководител како претседател и сл. „На таа средба не се востанови никаква формалност, клетва или нешто слично, за да се сметаат членовите лично обврзани да дејствуваат за делото".[36]) Сепак, фактот што групата се конституирала го потенцира основачкиот карактер на нејзиниот прв состанок.

На втората средба одржана во почетокот на јануари 1894 година се пристапило кон конкретно оформување на МРО.[37]) Тогаш П. Поп Арсов добил две задачи: а). да подготви Нацрт—Устав на Организацијата[38]) и б.) „да напише брошура под наслов 'Стамболовштината во Македонија'".[39]) Притоа бил прифатен предлогот на Ив. Хаџи Николов: „Оние, кои се изјаснат позитивно за егзархиската централистичка политика да се сметаат за непогодни, а оние кои ќе бидат за децентрализацијата на црковно-училишното дело во Македонија — за погодни... и (како такви, н. б) да се посветат во револуционерната идеја".[40]) Ова само по себе говори колку има вистина во мислата на Ѓ. Петров дека антиегзархиското движење во Македонија „неосет-

---

34) Cf. Д. Димески, op. cit., 139, ф. 5

35) Основаването на ВМРО (Изъ запискитѣ на Ив. Х. Николовъ)... 6; Cf. Д. Димески, op. cit., 133, 139—140.

36) Първиятъ ЦК на ВМРО. , Спомени на Христо Татарчевъ.., 101—102

37) Cf. Д. Димески, op. cit., 140, ф. 9

38) Първиятъ ЦК на ВМРО. , 102—103

39) Мѣрки за засилване на Революционната организация. Изъ запискитѣ на Иванъ Хаджи Николовъ, Ил. Илинденъ, VIII/2 (72), София, 1936, 6

40) Ibidem.

но се прероди во револуционерно движење".[41]) Така, всушност МРО изникнала и првите чекори ги правела првенствено како антипод на Егзархијата и нејзината груба централистичка и денационализаторска политика во Македонија.

Изгледа дека на првите две средби Одринско не влегувало во плановите на главните актери на МРО.[42])

Тешко може да се следи основоположничката градба на МРО во врска со нејзиниот карактер, целите[43]), името[44]), времето и начинот на донесувањето на нејзините први правни акти (Уставот и Правилникот),[45]) поради различните искази на нејзините главни протагонисти, а првенствено поради недостиг на изворна протоколна документација. Единствено е сигурно дека „автономниот принцип" лебдел пред очите на сите нив.[46])

Меѓутоа, сите дилеми околу организационата поставеност, карактерот и целите на Организацијата што произлегуваат од различните искази на основоположниците се распрснуваат по донесувањето на нејзините први правни акти: Уставот (статутот) и Правилникот.

Нацрт—Уставот што го подготвил П. Поп Арсов бил изработен врз база на „Уставот на Бугарскиот Централен револуционерен комитет" публикуван во познатите Записки... на Захариј Стојанов.[47])

На една од следните седници на шестмината корифеи на Организацијата, Уставот бил усвоен.[48]) Тешто може да се утврди дали Нацрт—Уставот бил целосно прифатен без корекции или пак претрпел знатни измени, како што може да се констатира од Груевите зборови: „Се групиравме помеѓу себеси, заеднички изработивме Правилник—Устав".[49])

Првиот устав на Организацијата има тесен, националистички карактер, што секако се должи на тогашната идејна тесноградост, туѓото влијание и неискуството на неговите автори.

---

41) Ѓорче Петров, Спомени—кореспонденција, Култура, Скопје, 1984, 48

42) Cf. Д. Димески, op. cit., 141, ф. 14

43) Ibidem, ф. 15

44) Ibid., ф. 16

45) Ibid., ф. 17

46) Автономниот принцип, истакнува Татарчев, во дадената ситуација го сметале како најрационален. Види: Д-ръ Христо Татарчевъ, Спомени отъ миналото, сборникъ Илинденъ, София, 1922, 12

47) Cf. Уставъ на Българския централни революционни комитеът, — Записки по българскитѣ възстания( расказ на очевидци), 1870—1876, отъ Захарий Стояновъ, (т. I, издание първо, Пловдив, 1884, м. б.), — томъ първи, втори и трети, IV изд., София, 1942, 74—80.

48) Уставъ на бълг. Македон. — Одр. револ. комитети, Архив на ИНИ, Скопје, сл. I. 354. Cf. Иван Катарџиев, Некои прашања за уставите и правилниците на ВМРО до Илинденското востание, Г ИНИ, V/1, Скопје, 1961, 149—164.

49) Даме Груев, Истражувања и материјали, Бигола, 1981, 18.

Уставот содржи 14 члена распоредени во четири глави во кои се опфатени: целта, составот и устројството, материјалните средства и казните на Организацијата.[50])

Според чл. 1 целта на Организацијата била стекнување „полна политичка автономија на Македонија и Одринско",[51]) со што, квалитетно е надраснат чл. 23 од Берлинскиот договор.[52]) За постигнување на таа цел, според чл. 2, Организацијата била должна да го разбуди „сознанието за самозаштита" кај населението, да шири меѓу него, низ печатот или усно, револуционерни идеи и да подготви и подигне општо востание.[53])

Организацијата била поставена врз централистички принцип. Според Уставот, неа ја сочинувале: Централниот комитет, окружните, околиските и селските комитети (чл. 5).[54])

Конспиративноста на Организацијата доаѓа до израз во чл. 4 од Уставот (статутот): „Членовите на секој комитет се делат на групи со по еден началник, определен од раководителот. Секој член на групата, како и началникот, носат по еден број даден од надлежниот комитет. Секој работник ги знае само членовите на неговата група и началникот, а последниот го знае само раководителот на комитетот или посредникот".[55]) Фактички, групите претставувале основни клетки на Организацијата.

На чело на месните комитети стоеле управни тела. Управните тела на окружните комитети биле назначувани од ЦК, на околиските биле предлагани од окружните, а назначувани од ЦК, а селските биле назначувани од околиските комитети (чл. 6).[56])

Во завршниот чл. 14 од Уставот децидно е кажано: „Врз основа на овој Устав, изработен е детален внатрешен Правилник".[57]) Овде изгледа станува збор за обично прејудицирање.[58])

---

[50]) Уставъ.., сл. I. 354, 1—4

[51]) Уставъ.., ИНИ, сл. I. 354, 1

[52]) Cf. Александар Христов, Принципот на автономна Македонија во програмата на ВМРО. Политичко—правен аспект, ГИНИ, VII/2, 1963, 5—34

[53]) Уставъ.., 1

[54]) Ibidem, 2

[55]) Уставъ..., сл. I. 345, 2

[56]) Ibidem.

[57]) Ibid., 4

[58]) Меѓутоа, подруг впечаток се добива од Спомените на Даме Груев. Тој истакнува дека заеднички изработиле „Правилник—Устав" и дека „во Правилникот не се предвидуваше ништо за српската пропаганда... Ова беше во учебната 1893/4 година". (Даме Груев, Истражувања и материјали, Битола, 1981, 18)

На истата седница кога бил прифатен Уставот, се конституирал првиот Централен комитет со Христо Татарчев како претседател и Даме Груев како секретар и благајник.[58a])

Прашањето за времето на изработувањето и усвојувањето на Правилникот останува отворено.[59]) Така, според Татарчев, по Ресенското советување „ЦК осети потреба да се изработи и еден внатрешен правилник за раководство на месните револуционерни комитети. На Хаџи Николов му се наложи да го состави правилникот, кој до крајот од истата година беше примен од ЦК, сè во истиот состав на шестмината, во конечен вид".[60]) Меѓутоа авторот на Правилникот, Иван Хаџи Николов истакнува: „Честите потпрашувања и задавање разни прашања нè натераа најпосле да решиме да се напише внатрешен правилник каков во текот на 1895 година ми беше наложено мене да го приготвам и испратам во препис до поважните центри".[61]) Потребно е да се истакне дека двајцата основоположници, Христо Татарчев и Иван Хаџи Николов прават превид истакнувајќи дека праксата наложила изработување на таков правилник, што би можело да биде логично, доколку не се земе предвид чл. 14 од Уставот, кој стриктно обврзува постоење на таков правилник.

Правилникот содржи 50 члена групирани во 11 глави. Истиот подетално ги разработува уставните (статутарни) норми. Тој ги содржи следните глави: I. Состав, устројство и должности на Р(евол.) комитети; II Должности на управните тела на месните р. комитети; III. Должности на членовите на управните тела; IV. Должности на началниците на групите; V. Должности на членовите—работници; VI. Кореспонденција; VII. Тајна пошта; VIII. Тајна полиција; IX. Казни; X. Вооружување; и XI. Материјални средства на Комитетот.[62])

ЦК и управните тела на месните револуционерни комитети биле составени од претседател, секретар, благајник и неколку

---

[58a]) Първиятъ ЦК на ВМРО. Спомени на Хр. Татарчевъ.., 103; Из записките на Иван Хаджиниколов, — Борбите.., София, 1981, 96.

[59]) Оттаму резултира дилемата на Ив. Катарџиев. Така, тој на едно место ја прифаќа 1895 како година на донесувањето на Правилникот. (Ив. Катарџиев, Некои прашања за уставите и правилниците на ВМРО до Илинденското востание, Гласник на ИНИ, Скопје, 1969, V/1, 152—153; Два правилника на ВМРО од предилинденскиот период, сп. Историја I/1, 1965, 40—41), а на друго, крајот на 1894 година. (Историја на македонскиот народ, Скопје, 1969, II, 163).

[60]) Мърки за засилване на Революционната организация. Изъ запискитѣ на Ив. Хаджи Николовъ, Ил. Илинденъ, София, 1936, VIII/2, 7

[61]) Мърки за засилване на Революционната организация. Изъ запискитѣ ни Ив. Хаджи Николовъ, Ил. Илинденъ, София, 1936, VIII 2/7.

[62]) Правилникъ на бълг. македон-одр. револ. комитети, Архив на ИНИ, Скопје, сл. I. 355, 1—15;

Cf. И. Катарџиев, Два правилника на ВМРО од предилинденскиот период, Историја, I/1, Скопје, 1965, 39—46.

советници (чл. 1). Членовите на ЦК биле изборни. Било предвидено нив да ги бираат секоја година со мнозинство гласови раководителите на окружните комитети, односно нивните полномошници (чл. 2).[63])

Во чл. 4 се изнесени должностите на ЦК. Посебно е интересна ал. 5 од чл. 4, која гласи: „Тој (ЦК, н.б.) ги води контактите со надворешните МРК (Македонски революционерни комитети, (н.б.) доколку има такви и во договор со нив и со окружните внатрешни комитети, го прогласува денот на востанието, го уредува планот на акциите и раководи со движењето директно или преку специјална комисија составена од него во договор со надворешните комитети".[64]) Оваа алинеја покажува колку авторите на Правилникот, во услови на првични чекори на Организацијата, се носеле со илузии за надворешна помош, со очи свртени, пред сè кон македонската емиграција во Бугарија. Затоа тие ги изедначиле евентуалните надворешни македонски комитети со рангот на внатрешните окружни комитети, задржувајќи го, сепак, правото на ЦК на главен фактор и координатор на идното востание.

Окружните комитети директно, а околиските посредно преку окружните, контактирале со ЦК. Тие биле должни на крајот од секој месец да му даваат отчет на ЦК за својата работа и за ситуацијата во својот реон. „На крајот од секоја година даваат детален извештај во кој изложуваат:

1. колку другари—работници за слободата имаат во секој град и секое село и колку од нив се способни со оружје в рака да се борат со непријателот;

2. колку оружје имаат и колку им е потребно;

3. квалитетот и дејноста на тајната полиција;

4. уредувањето и дејноста на поштата;

5. состојбата на благајната;

6. духовите на членовите и противниците; и

7. постојните вооружени турски сили: војска, заптии, башибозуци и др".[65])

Групите биле основни клетки на Организацијата, а нивните началници — базични раководни кадри. Според чл. 13 „началниците на групите се должни:

1. да им ја предаваат на своите потчинети задачата поставена од претседателот или посредникот;

2. да му јавуваат секоја недела на претседателот или посредникот за положбата на групите во секој однос: за дисциплина, за оружјето и др.;

---

63) Правилникъ.., 1
64) Правилникъ.., 2
65) Ibidem.

3. да сè грижат и да се држи во исправност оружјето на борците;

4. да ги собираат за да ги поучуваат редовно секоја недела своите потчинети, и вонредно, секогаш кога за тоа ќе има потреба; исто така да им даваат и да им читаат револуционерни книги и воопшто, на разни начини да им го засилуваат револуционерниот дух;

5. да ги собираат месечните влогови и доброволните помошти на своите потчинети и да му ги предаваат на претседателот или посредникот".[66])

Приемот на нови членови во Организацијата бил условен „со препорака на некој стар член и со дозвола на претседателот" (чл. 14).[67])

Недоволната цврстина на Организацијата била обвиена со цврста конспиративна наметка. Така, според чл. 18 „секој член ги знае само другарите и началникот на неговата група... Работниците треба да бидат трезвени, чесни, тајни и непоткупливи; тие не треба да пијат ниту да му зборуваат некому што и да било за револуционерното дело, не исклучувајќи ги и најблиските пријатели, домашни и роднини. Спрема никого не треба да имаат заканувачко држење и систематски да го одбегнуваат сè што може да роди кај луѓето сомневање дека се членови на комитетот. Им се забранува на работниците пеење на бунтовнички песни и патриотски изливи на чувства, не само пред неодредени за делото луѓе, туку и пред другари по делото".[68])

Организацијата многу полагала на дисциплината. Затоа, според чл. 19 „ниеден работник и под никаков изговор не може да ја откаже неказнето нему наложената должност од началството, била таа лесна или тешка, во местото или надвор од него".[69])

Централистичката поставеност на Организацијата е видлива и од чл. 26: „За пакосници на Делото се сметаат оние работници, кои ги критикуваат и напаѓаат своите началници, управното тело или Делото воопшто".[70])

Организацијата располагала со тајна полиција. Според чл. 34 „секој комитет има тајна полиција, која се состои од две одделенија: истражно и казнено...".[71])

Што се однесува до вооружувањето, „секој член треба да биде снабден со пушка, а таму каде е можно и со револвер и кама..".[72])

---

[66]) Ibid., 4
[67]) Ibid.,5
[68]) Ibid., 5, 7
[69]) Ibid., 8
[70]) Ibid., 9
[71]) Ibid., 11
[72]) Ibid., 14

Во врска со материјалните средства, комитетите биле должни да внесуваат 1/3 од собраните пари во благајната на ЦК (чл. 50).[73])

Ваквото фундирање на статутарните норми отворило добра перспектива за солидна градба на идната организациона мрежа.

Создавањето на Македонската револуционерна организација претставува посебен настан во поновата македонска историја. Таа ознаменува почеток на нов, релевантен период во макотрпното македонско минато.

Македонската револуционерна организација (МРО) стана авангардна сила на македонското националноослободително движење, кое со неа зачекори во нова, повисока фаза од својот развиток.

Оттаму, создавањето на МРО претставува своевидна историска пресвртница во поновата македонска историја.

Dimitar DIMESKI

## THE CREATION OF MACEDONIAN REVOLUTIONARY ORGANIZATION AND ITS ORGANIZATIONAL FOUNDATION


Summary

The creation of Macedonian Revolutionary Organization (MRO) represents an important event in the newer Macedonian history. It marks a beginning of a new significant period in the Macedonian suffecing past.

The Macedonian Revolutionary Organization became an advance guard force of the Macedonian national liberation movement, which steps on a new, higher phase of its development.

The Macedonian national liberation movement itself with its bourgeois and democratic character had attributes of a socio-economic revolution. This movement produced the Ilinden Uprising. The top creation of this movement, the Republic of Kruševo, ennabled by socialistic admixtures, became a lightening place of the future Macedonian generations in their future struggle for national and social freedom.

That is why, the creation of MRO represents an evident historical event in the newer Macedonian history.


73) Ibidem, 15.